МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИ И УМЕТНОСТИ



# ВЛАДИМИР ГЕОРГИЕВСКИ

## 2000 ГОДИНИ, ОД ХРИСТИЈАНСТВОТО

СЛИКИ, СКУЛПТУРИ, ЦРТЕЖИ, ПАСТЕЛИ И АКВАРЕЛИ

ЛИКОВЕН САЛОН НА МАНУ

ДЕКЕМВРИ 2001 - ЈАНУАРИ 2002

*" АКО СВЕТЛИНАТА ШТО Е ВО ВАС ,*
*СТАНЕ ТЕМНИНА, ТОГАШ КАКВА*
*ЛИ ЌЕ БИДЕ ТЕМНИНАТА "*
*Христос на своите апостоли*

Се навршија 2000 години од Христијанскиот филозофски, религиозен и естетски систем...
Изминаа години и векови во потрга по СВЕТЛИНАТА наречена ЧОВЕК. На тој пат, и со таа задача, опстојуваа народи и култури; се создадоа ремек-дела во сите уметности; науките освоија ненавестени простори и предели дефинирајќи го ЧОВЕКОТ како најумно и најмоќно битие.
Христијанството како филозофија, религија и уметност се заложи за Човековото Воскресение низ неговата божествена димензија - чинот на создавањето.
Низ тие 2000 години, Човекот создаваше, но и уриваше. Мина низ силни искушенија и премрежја. Ја загуби сопствената СВЕТЛИНА и пострада...
Денес, во времево што го живеам, Човекот по којзнае кој пат ја губи сопствената Светлина. Се губи себе си... Темнината, што ја роди Златното Теле, се чини дека е најголемиот негов идеал. И затоа нашите денови сé повеќе прилегаат на ноќи без разденување...
Прародителскиот грев, губењето на Рајот, Распетието и Воскресението не ги разбравме до крај. Смислата на нивната драма е "Не е Бог човеколик, туку Човекот е Боголик". И затоа тој е Светлина.
Во чест и слава на таа СВЕТЛИНА, ја осмислив мојата изложба. Сé што е изложено, без оглед на мотивот, е во нејзина слава. И токму затоа, зборовите на Учителот од Назарет, упатени до неговите ученици, ги доживувам како единствена смисла на сопственото постоење, но и на Човештвото во целина...
Навистина, каква ли ќе биде Темнината, ако Човекот замине од "другата страна на Сонцето"?

Авторот



*IF THE LIGHT THAT IS WITHIN YOU BECOMES DARKNESS,*
*THEN WHAT WILL DARKNESS REALLY BE LIKE?*
*Christ To His Apostles*

*Two thousand years have past since the conception of the Cristian philosophical, religious and aesthetic system... Years and centuries have gone by in the search for the LIGHT by the name of MAN. Nations and cultures lived with this task; masterpieces were created in all arts; sciences conquered unknown space and fields while defining a MAN.*
*Christianity, as a philosophy, religion and art commited itself to human Resurrection through Man's divine dimension-the act of creation.*
*Throughout these two thousand years, Man has created, but Man has also destroyed. He has been through strong temptations and perils. Did he lose his own LIGHT and did he suffer?*
*Today, in the times I live, Man has lost his Light yet again. He is losing himself... The darkness delivered by the Golden Calf seems to be his highest ideal. His days therefore resemble nights without the prospect of sunrise... The arch-parental sin, the loss of Paradise, the Crucifix and Resurrection - we have not fully understood. The essence of their drama is: God is not human-like, Man is God-like. Therefore, he is Light. I conceptualized my exhibition to the honour and glory of this LIGHT. Regardless of the motif, all exhibited work is to its glory. This is why I experience the words of the Master of Nazareth as the only essence of my own existence, and of the human existence as a whole.*
*Indeed, what would Darkness look like if Man leaves to "the other side of the Sun"?*

*The Author*



ХРИСТОС ГО ДАРУВА СВОЕТО СРЦЕ

*масло на платно 2000*



ПРОКОЛНАТИОТ

*масло на платно 2000*



КОЈ Е НЕВИН НЕКА ГО ФРЛИ КАМЕНОТ ПРВ

*масло на платно 2000*



СВЕТО СЕМЕЈСТВО

*масло на платно 2000*

**Биографски податоци**

**Владимир Георгиевски роден е на 01.06 1942 година во Скопје**
**Средно уметничко училиште завршил во Скопје**
**Академија за Ликовни уметности со постдипломски студии завршил во Белград 1970**
**Живее и работи како редовен професор на Архитектонскиот факултет во Скопје.**

**Поопширни библиографски податоци објавени се**
**во каталогот од неговата самостојна изложба во Скопје , 1989.**

**Благодарност за ZIP ZAP** *design & advertising* **и Влахо Бранѓолица**